АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА ОБЈАВЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ КОИ ИМАТЕЛИТЕ ОД ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СЕ ОБВРЗАНИ ДА ГИ ОБЈАВАТ НА СВОИТЕ ВЕБ-СТРАНИЦИ



Скопје, декември 2024

# СОДРЖИНА:

ВОВЕД: 3
ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ? 4
ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ: 5
ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ: 5
ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ: 6
РЕФЕРЕНТНА РАМКА: 6
РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ: 7
Прва група: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ 11
Втора група: ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ 13
Трета група: ОПЕРАТИВНА 14
Четврта група БУЏЕТ, ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ 15
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ: 19
ПРИЛОГ: 21
АНЕКС 1: Табела со резултатите од мониторингот за 2024 година 21
АНЕКС 2: Споредбена табела на резултати од мониторинг на државни институции за 2022-2024 година 24
АНЕКС 3: Табела на иматели кои немаат веб страници 28
АНЕКС 4: Список на категории на информации за проактивна транспарентност 29

**Автори: Оливер Серафимовски**

**Мелани Ибраими**

**Графичка обработка: Деан Јадровски**

# ВОВЕД:

Информациите од јавно значење им се достапни на граѓаните на два начина - со проактивност на самите институции и со реактивни средства – односно со поднесување на барање за информации од одредени јавни институции. Проактивната транспарентност подразбира навремено објавување на информациите од јавен карактер од страна на институциите кои тоа го прават по сопствена иницијатива, пред од нив да бидат побарани по усмен, писмен или електронски пат, преку јасни и транспарентни веб-страници кои ги содржат сите информации од значење за граѓаните. Ваквото проактивно објавување информации придонесува за зајакнување на правото и ѝ овозможува на јавноста да се запознае со прописите, одлуките и други дејствија што се од нивен интерес и истите ги засегаат.

Сите обврски на институциите да ја направат својата работа транспарентна важат и за државните институции. Институциите од централната власт мора да ги штитат слободите и правата на граѓаните, правата и интересите на правните лица основани со закон и да обезбедат уставност и законитост. Од таа причина, важно е граѓаните да бидат навремено и јасно информирани за сите информации од значење за јавноста, а Владата, Собранието, министерствата, органите во состав, како и независните институции се должни на граѓаните да им овозможат пристап до тие информации.

Општата цел на овој мониторингот е да се види нивото на проактивната транспарентност на државните институции. Во овој извештај ги презентираме наодите од мониторингот кој го испитуваше степенот до кој Претседателот на РСМ, Собранието, Владата, министерствата, органите во состав, Агенциите, Бироата, Заводите, Дирекциите, Архивот на РСМ, Комисиите, Институтите, Управите, Фондовите, Центрите, Државното правобранителство на РСМ, Инспекцискиот совет, Народната банка на РСМ, Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ и Централниот регистар на РСМ ги објавуваат информациите релевантни за граѓаните, за годишните извештаи за нивната работа, дали на барателите на информации им даваат точни, прецизни и целосни податоци, дали кај имателите има определено службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, како и

бројни други прашања врз основа на кои се оценува примената на стандардите за проактивна транспарентност.

# ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?

Кога имателите на информации од јавен карактер се отворени кон јавноста, граѓаните непречено дознаваат што и како работат органите на државната власт и другите установи и институции. Со тоа им се овозможува рамноправно да учествуваат во јавниот живот и континуирано да го контролираат работењето на властите.

Проактивното објавување на информации од јавен карактер претставува законска обврска на сите иматели, самоиницијативно и континуирано на своите веб страници да ги објавуваат информациите за својата работа и делување, за носење одлуки, финансиите и за услугите кои ги даваат на граѓаните.

Целта за исполнување на обврската за проактивно објавување на информации се огледа во можноста граѓаните/барателите на информации да го остварат уставно загарантираното право на пристап до информации, преку давање на услугите на имателите на информации на едноставен и брз начин. Воедно, имателите на информации го добиваат потребниот легитимитет, бидејќи демонстрираат одговорност во своето работење, а со тоа ја враќаат довербата на граѓаните во институциите.

Со проактивното објавување на информациите од јавен карактер на имателите јасно им се утврдува законската обврска не само да одговараат на поднесените барања по однос на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку и да објавуваат информации од јавен карактер на своите веб страници, како и оние кои не се побарани. Проактивното објавување на информации од јавен карактер е составен дел на правото на пристап до информации, со што се обезбедува клучните информации да се достапни навремено. Како што наведува Европскиот суд за човекови права, кој го признава како темелно човеково право, „информациите се менливи и секое нивно оддложено објавување, дури и за краток временски период, може да им ја намали нивната севкупна вредност и интересот за нив“.

Проактивно објавените информации на имателите треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни за граѓаните и истите редовно да се ажурираат. Информацијата е предуслов за

одговорна власт и основа за демократските процеси-информациите за работата на имателите им овозможуваат на граѓаните адекватно да донесуваат заклучоци и да партиципираат во носењето на одлуки за прашања кои се од нивен интерес. Транспарентноста и пристапот до информациите од јавен карактер се неделиви инструменти во борба против корупцијата.

Голема предност на проактивното објавување на информации од јавен карактер, особено кога тоа се прави веднаш, е тоа што на имателите на информации им се отежнува можноста да го одрекуваат постоењето на информациите или да вршат манипулација со нив. Тоа значи дека на сите граѓани/баратели на информации од јавен карактер им се заштедува време, пари и труд. Со начелото на еднаквост се овозможува остварување на ова право, исполнување на обврските, како и учество во политичките, општествените и економските процеси, а се со цел јакнење на довербата во институциите. Ниската проактивност на објавување на информации ја оневозможува јавноста да ја следи и контролира работата на имателите на информации.

## ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ:

Мониторингот е фокусиран на проверка на категориите на информации што треба редовно и ажурирано да се објавуваат на веб-страниците на имателите на информации од јавен карактер согласно одредбите на член 9 и член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).

## ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ:

Целта на мониторингот е да се детектираат состојбите во спроведувањето на обврската на имателите на информации од јавен карактер за проактивно објавување на 22-те категории на информации на нивните веб-страници. Тоа помага во реализирањето на надлежноста на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за спроведување на одредбите на ЗСПИЈК и зголемување на капацитетите на имателите на информации од јавен карактер во однос на нивна поголема транспарентност и отвореност. Исто така, мониторингот ќе придонесе за подобра идентификација на потребите за обука на службените лица кај имателите на информации.

# ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ:

Фреквенцијата на мониторингот може да биде еднаш годишно, на годишна основа или во подолг период. Со цел да се обезбеди споредливост на резултатите и да се користат за идентификација на проблеми, потреби за обука и развој на стратегија, вреди мониторингот да се спроведува доволно често.
За приоритетна група, како што се органите на државната управа, се препорачува да се одржува фреквенција на мониторинг на годишна основа.
Мониторингот на општините може да биде еднаш годишно или на двегодишна основа.
Мониторингот на јавните претпријатија може да биде на годишна основа или на двегодишна основа.
Следење на други категории како што се судови, училишта и универзитети, болници и други медицински тела итн. групи, може да се направи само со посебна задача и со обезбедени финансиски средства и/или во соработка со граѓанскиот сектор.
Мониторингот може да се спроведе и како тематско следење на веб страниците на имателите (пр. објавување на постапки за јавни набавки, буџет, вработувања, животна средина и други содржини) и исто со обезбедени финансиски средства и/или во соработка со граѓанскиот сектор.

# РЕФЕРЕНТНА РАМКА:

Референтна рамка за мониторинг е прашалникот изработен посебно за таа цел врз основа на категориите наведени во член 10 од ЗСПИЈК. Прашалникот разликува релевантни прашања за групите на државните органи и за групата општини. Прашалникот ќе се разликува во неколку сегменти и тоа во делот на доделување концесии и јавно-приватно партнерство од причини што голем дел од имателите немаат такви законски обврски. Овие прашања ќе останат како дел од прашалникот наменет за општините.

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ:

Агенцијата, согласно своите надлежности и согласно Акцискиот план (2023-2026) за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година, во посебната цел предвидена е Мерката 3.4.1. Унапредување на алатките за достапност на информациите од јавен карактер. Мерливоста на оваа мерка е предвидена со Показателот: „Процент на државни институции кои на своите веб страници редовно ги објавуваат и ажурираат документите согласно ЗСПИЈК“. За таа цел во 2024 година, Агенцијата спроведе мониторинг на веб страниците на имателите од државните институции.

Агенцијата изврши мониторинг на 113 иматели, односно на веб страниците на имателите од државните институции, објавени на Листата на иматели на информации на веб страната на Агенцијата. Мониторингот беше спроведен во периодот од 10 ноември до 20 декември 2024 година. Одделението за соработка и анализи беше задолжено за мониторинг на веб страните за целосно објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават според членот 10 од Законот.

Треба да напоменеме дека со Мониторингот не се прави анализа на содржините, односно на квалитетот на објавените информации.

Мониторингот беше спроведен согласно член 10, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019).

Од вкупно 133 државни институции евидентирани во Листата како иматели, беа мониторирани веб страниците на 113 иматели. Единаесет иматели не беа опфатени со мониторингот, бидејќи немаат сопствени веб локации. Мониторинг не беше спроведен на четирите нови министерства: Министерството за јавна администрација, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за спорт, од причини што првите две министерства се уште ја користат веб страната на www.mioa.gov.mk и на неа се наоѓаат информации, односно документи кои се од Министерството за информатичко општество и администрација. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини има сопствена веб страна, но од причини што овој субјект е нов и неговата веб страна секојдневно се полни

со информации, и во периодот додека се спроведуваше мониторингот, не располагаше со сите информации кои се согласно членот 10 и методологијата за мониторинг. Веб страната на Министерството за спорт се уште е во изработка и од тие причини и овој имател не беше предмет на овој мониторинг. Веб страниците на Агенцијата за национална безбедност, Оперативно-техничката агенција, Агенцијата за разузнавање, Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање не се мониторирани поради нивните специфични надлежности и определениот степен на класификација на одредени акти и документи. Веб страница на еден имател (Државен инспекторат за градежништво и урбанизам) не можеше да се анализира од причина што додека траеше мониторирањето на веб страните, истата беше неактивна, односно до истата не можеше да се пристапи.

Мониторингот беше спроведен согласно методологијата имплементирана во соработка со надворешни експерти, ангажирани од ИПА II Проектот „Транспарентност и отчетност на јавната администрациија“, чиј корисник е Агенцијата. Изготвениот прашалник содржи вкупно 28 прашања кои произлегуваат од членот 10 од Законот. Некои од нив содржат едно или повеќе подпрашања, а максималниот број на можни бодови изнесува 50. Имателите за објавените податоци добиваа 0, 0.5 и 1 бод, зависно од бројот и ажурираноста на објавените документи. Прашалникот беше дистрибуиран до имателите, од кои беше побарано сами да извршат евалуација на сопствената транспарентност, односно во прашалникот да посочат со линк каде информациите се објавени на нивните веб страници.

Во рокот предвиден за доставување на прашалниците до Агенцијата, имателите доставија одговорени 57 прашалници од вкупно 113 мониторирани веб страници.

Веб-страниците на мониторираните иматели не се унифицирани, односно тие се разликуваат како по дизајн, така и по структурата на содржините и видот на информациите што ги објавуваат. Ажурирањето на веб-страниците се одвива во согласност со активностите на институциите, при што тие ја исполнуваат улогата на примарен извор на информации за граѓаните и услугите што ги нудат.

Сепак, треба да се нагласи дека оваа година мониторингот покажа дека поголем дел од институциите на своите почетни веб страници имаат поставен банер/линк насловен Листа на информации, Информации од јавен

карактер и Слободен пристап до информации, со што обезбедуваат лесен и брз пристап до информациите од јавен карактер, и на тој начин барателите побрзо доаѓаат до информациите кои се од нивен интерес. Се уште, има иматели кои информациите од јавен карактер ги објавуваат во секциите како што се „Односи со јавноста", „Контакт" или други категории, кои можат да бидат збунувачки за корисниците.

Дополнително, несистематизираното поставување на информациите создава конфузија кај граѓаните и значително го отежнува пристапот до потребните податоци. Ова укажува на потребата веб-страниците да бидат не само визуелно и структурно уредени, туку и функционално дизајнирани за лесна навигација. Информациите кои им се потребни на граѓаните, а кои се дел од законските обврски за транспарентност на институциите, мора да бидат достапни брзо, интуитивно и без непотребни пречки. Така, ќе се овозможи поефикасно исполнување на правото на пристап до информации од јавен карактер и ќе се зајакне довербата на граѓаните во транспарентноста на институциите.

Оттука, апелираме до државните институции информациите да бидат лесно достапни за користење на граѓаните. „Информирани граѓани, задоволни граѓани", тоа е максимата за транспарентна државна власт.

Во зависност од вкупниот број на бодови кои мониторираните иматели ги добиле по однос на објавените потребни документи и информации согласно членот 10 од Законот, направена е градација на степенот на исполнителност на законската обврска за нивната активна транспарентност, и тоа на следниот начин: иматели со многу ниско ниво на транспарентност кои имаат помеѓу 0 и 12,5 бодови, со ниско ниво помеѓу 13 и 25 бодови, иматели со средно ниво помеѓу 25,5 и 38 бодови, и со високо ниво на транспарентност од 38,5 до 50 бода. При тоа, беше утврдено дека 40 иматели имаат многу добар степен на транспарентност во однос на објавените информации, 53 се со добро ниво на транспарентност и 19 се со просечно ниво. Оваа година ниту една мониторирана институција не е оценета со многу ниско ниво на исполнителност во однос на активната транспарентност.

Од мониторираните 112 државни институции, од вкупно можни 50 бодови според методологијата за мониторирање, средната вредност на проактивната транспарентност на имателите е 34,5 бодови. Тоа претставува средно ниво на активната транспарентност на веб страните на имателите или 69 % на објавените информации од јавен карактер.

Според резултатите од мониторингот, најтранспарентни се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за храна и ветеринарство и Министерството за одбрана со 49 бодови, а по нив е Државна комисија за спречување на корупцијата со 48,5 и Министерство за социјална политика, демографија и млади со 48 бодови. И оваа година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство покажа најголема транспарентност на својата веб страница, односно на информациите објавени согласно членот 10 од Законот за СПИЈК. Годинешниот мониторинг покажа дека и имателите од агенциите и комисиите ја подобриле својата транспарентност со што покажуваат дека со објавување на информациите на проактивен начин, можат да ја зголемат својата проактивност и отчетност пред се за граѓаните, а на овој начин и пристапот до информациите од јавен карактер ќе биде на лесен и пристапен начин достапен до барателите.

Оваа година, најниска проактивна транспарентност покажаа: Управата за хидрометеоролошки работи со 14 бода, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со 15,5 бода, Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти со 16,5 бода, Регулаторната комисија за домување и Бирото за метрологија со 17 бода. Овие институции во иднина ќе треба на своите веб страници да ги објават информациите кои ги создаваат и со кои располагаат согласно член 10 од Законот и на тој начин да го подигнат нивото на проактивната транспарентност во своето работење.

Врз основа на мониторираните веб страници согласно методологијата и Прашалникот добиени се следниве резултати и показатели за проактивната транспарентност на имателите:

## Прва група: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ




Од вкупно 112 мониторирани иматели, 76 имаат објавено линк до Листата на информации на почетната веб страна, а 33 немаат банер/линк. На своите веб страни имателите како додадена вредност на пристапот до информации од јавен карактер е добро да ги имаат објавено анонимизирано барањата/одговорите за слободен пристап, и тоа за последните три години, (2021, 2022 и 2023). Оваа пракса за 2021 година ја практикуваат 44 иматели, додека 68 иматели не ги објавуваат со што на барателите им оневозможуваат да се запознаат со барањата кои до нив биле поднесени по основ на Законот за СПИЈК. За 2022 година, 51 имател ги објавил бараните информации, а 61 ги немаат поместено на своите веб страници, додека за 2023 година, само 38 иматели ги поместиле барањата/одговорите, а дури 74 институции овие информации ги немаат објавено. Податоци за својата надлежност имаат објавено 96 иматели, додека 12 не ги поместуваат овие информации на својата веб страница. Четири иматели, делумно ги објавуваат податоците за својата надлежност. Сите иматели, ги имаат објавено основните податоци за контакт со имателот на информацијата. Податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата: биографија на веб страните имаат објавено 78 иматели, а 31 ги немаат објавено. Во врска со контакт податоците на функционерот, 55 иматели имаат објавено контакт телефон и службена мејл адреса, додека 38 институции овие податоци ги немаат објавено на веб страницата. 19 иматели, делумно ги имаат поместено

контакт информацииите, односно на веб страниците недостасуваат или контакт телефоните или информации за службените мејл адреси.

Од мониторингот може да заклучиме дека во линкот слободен пристап до информации, 106 иматели го имаат објавено името и презимето на службеното лице за посредување со информациите од јавен карактер, додека само 6 оваа обврска не ја публикувале, со што барателите на овие институции остануваат без податоци и информации до кого да го достават своето барање и со тоа да го остварат своето право на пристап до информации. Службените мејл адреси ги имаат објавено 105 иматели, а седум од нив оваа контакт форма не ја публикувале. Службениот контакт телефон на лицата за посредување со информациите, го имаат објавено 97 иматели, а додека 15 од нив оваа законска обврска не ја испочитувале.

Податоци за лицата овластени за заштитено внатрешно пријавување, односно неговото име и презимето имаат објавено 86 иматели, а 26 од нив ја немаат поместено оваа информација. 85 иматели ги имаат публикувано службените мејл адреси, а 27 ја немаат исполнето оваа обврска. 81 имател го објавиле контакт телефонот, додека 31 имател не ја поместиле оваа информација. Објавено список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција имаат 85 институции, а 32 немаат податоци за службените мејл адреси.  Службените контакт телефони ги имаат објавено 74 од нив, додека 35 институции овие податоци ги немаат на своите веб страници.

Во делот за појаснување на начинот на поднесување на барањето за пристап до информации (начин на поднесување на усно, писмено барање и по електронски пат), 52 иматели ја испочитувале оваа законска одредба, додека 55 од нив го немаат поместено појаснувањето за пристап до информации од јавен карактер. Делумно, 5 иматели имаат само кус сегмент од ова појаснување, кое не е од корист за барателите на информации.

Образецот за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, 73 иматели го имаат поместено, а 38 од нив на своите веб страници го немаат публикувано. Најголем дел од мониторираните институции го имаат се уште образецот согласно Законот од 2006 година и измените од 2010/15 година, со што барателите ги насочуваат да бараат информации преку закон кој е вон сила. Годишниот извештај за пристап до информации од јавен карактер за 2023 година го имаат поставено на своите веб страни 59 иматели и 67 за 2022

година, додека 53 го немаат објавено за 2023 и 45 за 2022 година, согласно член 36 од ЗСПИЈК.

## Втора група: ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Од втората група на прашања: ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ, мониторираните 112 иматели покажуваат многу  добра транспарентност, а тоа може да се забележи и од табелата:




Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации ги имаат поместено 105 иматели со што граѓаните, односно барателите можат да се запознаат со основните информации за тоа по кој основ работат имателите од државните институции. Една институција, во линкот закони, имаат поместено само дел од законот, односно истиот е објавен како дел од належности на институцијата. Само шест иматели на своите веб страници ги немаат објавено законите кои се однесуваат на нивната надлежност.

Во делот, во кој имателите информираат за Прописите што во рамките на својата надлежност, во вид на подзаконски акт, а кои се однесуваат на: правилникот за внатрешна организација, го имаат објавено 83 иматели, а 29 овој документ го немаат поместено. Правилникот за систематизација на работните места, на веб страните го имаат публикувано 88 субјекти, а кај 23 институции, истиот не може да се пронајде на веб страниците. Само еден имател овој документ го има објавено во вид на извештај. Правилникот за

заштитено внатрешно пријавување, од мониторирани иматели го имаат објавено 59 институции, а 52 иматели, истиот го немаат поставено. Еден имател, правилникот го има публикувано како извештај.

Во делот на уредби, наредби и упатства, 72 иматели ги објавуваат овие документи, а 40 иматели на информации немааат публикувано ниту една информација која се однесуваа на овој вид на документи.

Органограмот за внатрешна организација го имаат објавено на веб страните 101 имател од државните институции, а 11 иматели оваа информација ја немаат публикувано.

## Трета група: ОПЕРАТИВНА

Во третата ОПЕРАТИВНА група на прашања, која се однесува на информации од делокругот на нивната работа и содржи 7 прашања, мониторираните иматели имаат многу добра проактивна транспарентност.




Стратешки планови имаат објавено 82 иматели, за разлика од 30 иматели кои овие информации ги немаат поставено на веб страниците. Стратегии за работа имаат поместено на своите страници 72 иматела, а 40 од нив овие документи ги немаат или пак на веб страниците се уште се објавени како документи, но истите одамна се завршени и имплементирани.

Годишни планови и програми за работа имаат објавено 70 иматели, додека 34 немаат објавено ваков вид на документи. Осум иматели делумно ги имаат објавено овие информации.

Предлог на документи (предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии) на веб страните имаат 67 иматели, а 40 ги немаат објавено документите. Од нив, 5 иматели имаат делумни информации во врска со оваа категорија на информации.

На веб страните, во делот каде имателите ги објавуваат извештаите за работата кои ги поднесуваат до надзорните органи, 79 иматели ги има објавено извештаите, а 25 институции не ги имаат поставено овие информации кои се од интерес за барателите на информации. Дел од имателите, или осум иматели, извештаите ги објавуваат како шестмесечни или како квартални извештаи.

Информации како статистички податоци за работата, како и други информации, мониторингот покажа дека ваков вид на информации имаат поместено 96 иматели, 13 институции не ги објавуваат, а три иматели ваквите податоци делумно ги објавуваат на своите веб страни.

Информациите за објавените акти и мерки кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот, мониторингот покажа дека имателите овој вид на информации ги објавуваат на своите веб страници. Преку линкови и пристап до нив граѓаните можат да пристапат до информациите кои се од нивен интерес, и 94 иматели ги објавуваат овие информации на своите веб станици. Од друга страна, кај 10 институции овие информации не се публикувани. Осум иматели овие информации на своите страници ги објавуваат делумно.

Четврта група  БУЏЕТ, ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ

Според мониторингот, својата проактивна транспарентност имателите најмногу треба да ја подобрат во четвртата група на прашања: БУЏЕТ, ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ, од причини што интересот на граѓаните е насочен најмногу во однос на финансиското работење на институциите, а особено во делот на објавените буџети, финансиските извештаи, ревизорски извештаи и публикувањето на информациите и документите кои се однесуваат на јавните набавки.




Во делот кој се однесува на буџетската транспарентност, беа мониторирани последните три години (2022,2023 и 2024). Информации за буџетот за 2022 година, 72 иматела ги имаат објавено информациите и податоците, а од 40 институции овие информации не се поставени на страниците. За 2023 година, 66 иматели ги имаат објавено буџетите, додека 46 немаат информација во врска со оваа законска обврска. Буџетот за 2024 година, го имаат публикувано 52 иматела, а дури 60 на своите веб страници оваа информација ја немаат поставено.

За информациите кои се однесуваат на објавувањето на завршните сметки за последните три години (2021, 2022 и 2023) институциите покажуваат тренд на намалување на проактивната транспарентност. За 2021 година, 76 иматели ги имаат објавено информациите, додека на страниците на 36 иматели, овие податоци недостасуваат. За 2022 година, 69 институции имаат поместено податоци, а кај 43 институции не се поставени овие информации. Намалување на трендот на објавување на завршните сметки има и за 2023 година, каде 64 иматели ја исполниле законската обврска, а 48 иматели воопшто не известуваат за информациите кои се однесуваат на фискалната транспарентност. Квартални финансиски извештаи за тековната година имаат објавено само 14 иматели, а 98 институции овие извештаи не ги објавуваат.

Сакаме да им посочиме на мониторираните иматели, буџетите да не ги објавуваат во pdf, туку во excel формат за да истите бидат прегледни и

употребливи за граѓаните и барателите на информации од јавен карактер. Со ваквиот начин на објавување, имателите ќе го следат светскиот тренд на публикување на овој вид информации, и тоа во отворен формат. Со тоа, информацијата станува употреблива за работа на барателите кои работат анализи и друг вид на информации, со што финасиите ќе бидат подостапни за граѓаните. Исто така, секоја институција треба да го објавува својот буџет, а не како целосен Буџет на РСМ, од причини што истиот документ ќе биде неупотреблив за барателите на информации кои се заинтересирани да дојдат до бараната информација од одредена институција.

